БРАКО е македонска металопреработувачка компанија која е основана во 1947 година и која произведува огромен асортиман на производи. Денес БРАКО е извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува препознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широка палета на медицински мебел и медицински помагала како и препознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.

---

# НАДОПОЛНУВАЊЕ НА БАЗА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ КАНДИДАТИ

БРАКО има потреба од надополнување на базата на потенцијални кандидати од следните образовни профили:

Од Велес и поблиската околина, Скопје, Штип, Свети Николе и Кавадарци кандидати со ВСС образование :

- Машински инженери
- Електро инженери
- Дипломирани економисти

Од Велес и поблиската околина кандидати со ССС и основно образование а со работно искуство како:

- Заварувачи
- Бравари
- Електричари
- Монтажери
- Магационери
- Фарбари
- Оператори на машини
- Општи работници
- Ракувачи со вилушкар
- Контролори на квалитет

Доколку сте заинтересирани да бидете дел од базата на потенцијални кандидати за работни позиции што би се отвориле во текот на годината, ве охрабруваме да аплицирате на еден од следните начини:

За кандидатите со ВСС образование

- со достава на писмо за мотивација, кратка биографија (CV), копија од дипломата за завршено формално образование и на копија од сертификати и од други дипломи, на електронската пошта hr@brako.com.mk со назнака ***„За влез во базата на потенцијални кандидати“***;

За кандидатите со ССС и основно образование

- со достава на кратка биографија(CV) на портирницата во БРАКО или на електронската пошта hr@brako.com.mk со назнака ***„За влез во базата на потенцијални кандидати“***;

**Со самото доставување на потребната документација се согласувате ДПТУ БРАКО ДОО Велес да ги обработува вашите лични податоци за потребата на регрутација или вработување и истите да ги чува во базата на податоци подолго од 12 месеци.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**